Бр. 12-1404/1
26.02.2020 год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,), постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од подносителот --------------- од Скопје на 25.03.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата на 27-тата седницата одржана на 14.02.2020 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**СЕ ЗАПИРА** постапката поведена по предметот со број 12-1953/1 од 25.03.2019 година врз основа на пријава поднесена од подносителот --------------------- од Скопје на 25.03.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, во која се укажува на сомневање за незаконитости во постапката за добивање на бесплатна правна помош во кривична постапка водена пред Министерството за правда, кое барање го поднел барателот поради неговата лоша финансиска состојба и неможноста самиот да обезбеди адвокат, кој би бил ангажиран како негов бранител во кривична постапка која би ја повел по основ на претрпена телесна повреда. Во пријавата подносителот на пријавата наведува дека неколку пати поднел барања за обезбедување на бесплатна права помош до Министерството за правда, но не добил одговор на истите.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-1916/1 од 23.03.2019 година, поради непотврденост и неоснованост на наводите содржани во пријавата.

Предметот да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Предметот со број 12-1953/1 од 25.03.2019 е оформен врз основа на добиена пријава од познат подносител- ---------------- од Скопје.

Во пријавата во која се укажува на сомневање за незаконитости во постапката за добивање на бесплатна правна помош во кривична постапка водена пред Министерството за правда, кое барање го поднел барателот поради неговата лоша финансиска состојба и неможноста самиот да обезбеди адвокат, кој би бил ангажиран како негов бранител во кривична постапка која би ја повел по основ на претрпена телесна повреда. Во пријавата подносителот на пријавата наведува дека неколку пати поднел барања за обезбедување на бесплатна права помош до Министерството за правда, но не добил одговор на истите.

Со цел утврдување на фактичката состојба и проверка на наводите во пријавата, ДКСК достави Барање за прибирање податоци и информации до Министерството за правда со број 12-1953/18 од 14.11.2019 година со кое побара да се достави информација за тоа дали лицето ---------------


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

поднело барање/а за давање на бесплатна правна помош до Секторот за бесплатна правна помош во Министерството за правда и како е одлучено по неговите поднесени барања.

Во законски утврдениот рок Министерството за правда достави одговор со број 12-1953/19 од 28.11.2019 година во кој се наведува дека лицето -------------- од Скопје не бил корисник на социјална парична помош и не бил во евиденција на Одделот за семејно насилство при Центарот за социјални работи, за лицето Скендер Селимовиќ нема регистрирано податоци во Регистарот на Управата за јавни приходи –Регионална дирекција Скопје како даночен обврзник, исто така не било евидентиран како основач, содружник или управител по закон во Трговскиот регистар и Регистарот на други правни лица при Централен Регистар и не бил евидентиран како носител на право врз недвижност при Агенцијата за катастар на недвижности. Лицето ----------------- не било лице од категорија на лица кои можат да се јават како корисници на бесплатна правна помош, опфатени со член 12 став 2 од Законот за бесплатна правна помош. Врз основа на извршениот увид во доставеното барање и приложените списи кон истото било утврдено дека постапката за која барателот барал бесплатна правна помош не била предвидена како постапка за која се доделува бесплатна правна помош согласно членот 8 став 2 и исто така истиот не ги исполнува условите опфатени согласно членот 12 ставот 2 од Законот за бесплатна правна помош. Министерството за правда, постапило по поднесеното барање и навремено донело Решение УП1 бр. 11-598 од 31.05.20148 година со кое барањето за бесплатна правна помош на подносителот --------------- не било одобрено. Тој не употребил правни лекови против Решението, не повел управен спор, односно тужба пред Управен суд против истото.

Од спроведената постапка за утврдување на фактичката состојба и проверка на основаноста на наводите содржани во пријавата и преземените дејствија, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека не се потврдени наводите содржани во пријавата и истите се неосновани.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на членот 22 и 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 12/19), одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил: м-р Ирена Поповска
Одобрил: м-р Владимир Георгиев, член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**